лиографија да бидат регистрирани статиите и др. од дадената проблематика објавени во дневниот печат. Последното, секако, ќе претставува значаен зафат кој ќе го комплетира делото.

Завршувајќи, им го препорачуваме овој значаен и практичен балканолошки труд на сите заинтересирани за проблематикава и очекуваме по него да следат и наредните годишта. Тие можат да бидат значајни помагала за многу научници, специјалисти, студенти и други.

**Р. П.**

## А. А. Вагин, МЕТОДИКА ОБУЧЕНИИ ИСТОРИИ В ШКОЛЕ, Москва „Просвещение“ 1972, стр. 351

Познатиот советски теоретичар на методиката на наставата по историја Алексеј Алексеевич Вагин, покрај своите бројни статии и монографски трудови, се јавува и со ова дело кое претставува продолжување и завршување на неговата „Методика на наставата по историја во средните училишта. Учење за методите, Теорија на наставните часови“, што излезе од печат уште во 1968 година.

Исто така на читателот му се напоменува дека во оваа книга учењето за наставните методи и натаму се разработува посебно од гледиштето на нивната примена, сообразена со конкретните содржини на наставната програма по историја и третманот на нивните најважни проблеми.

Ова наспомнување ни беше нужно за да информираме дека од тие причини во оваа методика, не се опфатени сите прашања кои се составка на еден — судејќи спрема насловот — синтетичен труд, туку оние кои авторот ги издвоил, тематски оформил, средил и презентирал во едно обопштено излагање.

Во уводниот дел Вагин се осврнува со критички забелешки на ставовите на познатите советски теоретичари на оваа научна дисциплина, по прашањето за предметот и задачите на методиката на наставата по историја. Тој отпочнува со своето неслагање со Лејбенгруб, Коровкин, Стражев и други, со одделни нивни ставови, а усвојувајќи ги оние нивни мисли кои тој смета дека доаѓаат предвид по однос на прашањето на уводната тема. Во контекстот на соодветната проблематика, тој го покренува и полемизира со нив и по прашањето што е одамна присутно кај советските методичари на наставата по историја: дали е методиката на наставата по историја историска или педагошка научна дисциплина? Влегувајќи во овој проблем, Вагин се определува за второто. Сметаме дека ова прашање треба да претставува посебен интерес и за нашите наставници по историја.

Авторот дава значаен простор на едно од најсложените и деликатни проблеми на методиката на наставата по историја — на методската обработка на одредени прашања, сврзани со законитостите на историскиот процес. Го разгледува скоро во две глави. Така

I-та глава од делот први, ја посветува на „кардиналниот проблем" на наставата по историја — на „хронолошката последователност и на нејзината врска со откривањето на законитостите на епохата што се изучува" (стр. 17—35). А во глава II под наслов „Најважните прашања при согледувањето на законитостите на историскиот развиток во наставата по исотрија", авторот ги одбира следниве:

„Формирањето на историските поими и откривањето на законитостите во историскиот развиток во наставата по историја" со оглед на тоа што формирањето на историските поими, — едната од специфичностите на наставата по историја — е сврзано со откривањето на законитостите во историскиот процес и со формирањето кај учениците на марксистичко-ленинистичкото разбирање на историјата. Според авторот ова особено се однесува на т.н. „социолошки" и „општоисториски" поими. Притоа Вагин неминовно се среќава и му посветува внимание — на едниот од сé уште отворените проблеми во наставата по историја: на кое ниво, и кога да се обработуваат тие „социолошки" и „општоисториски" законитости т.е. дали уште во текот на наставата по историја, без „да се чека" пренесувањето, т.е. решавањето на оваа задача на часовите по предметот — општествоведение. По ова прашање Вагин се сложува со некои од своите советски колеги дека е тоа можно и нужно да се одвива уште во текот на наставата по историја; и

— „Патишта и средства и начини на откривањето на законитостите во историскиот развој". Тоа е еден од вредните прилози при третманот на оваа тема (стр. 35—55), дотолку што при нејзината обработка се служи со низа конкретни примери. Во оваа глава приличен простор зазема „Изучувањето на делата на Карл Маркс, Фридрих Енгелс и Владимир Илич Ленин во училиштето и неговото значење во откривањето на историските законитости" (стр. 74—96). Притоа авторот поаѓа од потребата од обработка на одделни дела на класиците на марксизмот-ленинизмот, на користење и со одредени цитати, посебно со оглед што во нив е присутна анализа и оценка на одделни историски собития, движења, процеси, историски личности и др.

Во вториот дел се обработува принципот на трајноста на ученичките знаења (Глава III, стр. 97—152), како и прашањето на проверувањето на ученичките знаења, поткрепено со не мал број експериментални показатели.

Во третиот дел под наслов „Методика на изучувањето на некои прашања од школскиот курс по историја" (стр. 171—299), се посветува внимание на низа прашања кои ќе предизвикаат несомнено интерес кај теоретичарите и практичарите на наставата по историја. Имено, во него се обработени следниве теми: „Прашањата на економиката во наставата по историја во училиштата" (Глава V, стр. 171—212); „Прашањата на културата во наставата по историја" (Глава VII, стр. 238—256). Во овој дел наоѓаме и на два мошне интересни наслови, кои ретко се среќаваат во сличните прирачници или монографии и тоа: „Изучување на воената историја и на воено-патриотското воспитување"

(Глава VIII, стр. 246—281), и „Методика на обработката на ликот на Владимир Илич Ленин во наставата по историја“ (Глава IX, стр. 281—287).

Прашањето на изучувањето на воената историја и на воено-патриотското воспитување е еден од мошне вредните прилози во овој труд во методолошка смисла, за определување на нивниот карактер, потоа како наставникот да ги вклучува учениците во определбата на карактерот на војните, „како метод на познанието“ и др.

И покрај тоа што советската методика на наставата по историја му посветила и посветува посебно внимание на обработката ликот на Ленин во наставата, овде, во обопштен вид, е укажано на „исклучителното значење за формирањето на комунистичкиот поглед на свет и на морално-политичкото воспитување на учениците“ преку обработката на ликот на овој великан на руското и светското работничко движење. Од овие причини и за нашиот наставник овој дел е од посебен интерес.

Покрај теоретските наспомнувања за значењето на материјалот од историјата на родниот крај (Глава X, стр. 293—299), авторот се погрижил да укаже и на одделни начини на неговата примена на часовите по историја. Со оглед на тоа што овој материјал не се наоѓа во наставните програми ниту е можно да се обработува во учебниците по историја, наставникот е принуден да го вткајува во часовите служејќи се со разни форми и методи.

За вончасовната работа по историја (за која и авторот констатира дека постои опширна литература и во која се третирани многувидни форми и методи), Вагин врши исто така систематизација и се обидува да даде теоретски определби. Во тоа ги користи искажувањата и на другите специјалисти по ова прашање, како што е А. Ф. Родин, којшто укажува дека „вончасовната работа ги постигнува истите цели како и часот, но на друг материјал и со други средства“. Но, Вагин не пропушта да ги подвлече некои од специфичните предности што ги има вончасовната работа по историја и да укаже на одделни методски постапки што долгогодишната пракса ги издвоила. Тој ги набројува одделни стандардни форми, а некои од нив (историското читање, кружоци, клубови на младите историчари, екскурзии) ги обработува дури посебно (стр. 303—336).

Последната глава (XII) е посветена на кабинетот по историја во училиштето. И овде најнапред се даваат некои теоретски наспомнувања, и пак со коментар на искажувањата на советските методичари по ова прашање. Меѓутоа, главно место во ова излагање зазема подзаглавието под наслов „Опремата на кабинетот по историја“. (Стр. 336—343).

Познавајќи ги поранешните трудови на овој истакнат советски теоретичар на методиката на наставата по историја, во заклучок на овој наш приказ ќе напомeнеме дека и во ова свое дело тој ја појавува својата особина да систематизира и категоризира одделни прашања. Потоа, Вагин импонира со тоа што не ги заобиколува и најделикатните теоретски проблеми на оваа дисциплина, туку влегува со полемичен тон во нивната расправа, отфрлувајќи

или согласувајќи се со мислењата на своите советски колеги по тие прашања. Освен тоа, Вагин се одликува со тоа што своите теоретски преокупации, ставови и определби ги поткрепува и со бројни илустрации, или со конкретен материјал, односно со упатство за наставникот. Исто така една од одликите на оваа методика е што не малу прашања се разработени и врз основа на емпириски проучувања, односно врз резултатите на експерименталните проверувања на знаењата на учениците во ленинградските, киевските и тулските училишта. Вагин, освен ова, дава и оценка на одделни прашања што се обработени во учебниците по историја што се во употреба во Советскиот Сојуз.

Во смисла на овие укажувања, ние можеме да тврдиме дека во „Методиката на наставата по историја во училиштата" од Вагин, наоѓаме на нови теоретски импулси и тоа по одредени прашања на оваа настава. А нашиот интерес за овој негов труд е дотолку поголем што авторот има прилично критички приод на некои ставови на претходниците и неговите современици по оваа проблематика во Советскиот Сојуз.

**В. К.**

**Л. Н. Боголюбов, Е. А. Израилович, Н. В. Попов, И. П. Рахманова — МЕТОДИЧЕСКОЕ ПОСОБИЕ ПО НОВЕЙШЕЙ ИСТОРИИ** — Пособие для учителей — Москва „Просвещение" 1972, стр. 415

Советската литература по методика на наставата по историја одамна ни е позната и по своите „пособија" — учила, односно прирачници — наменети за наставниците по историја. Овие прирачници се пишувани за сите степени на наставата по историја и класови. Во нив се обработени темите, односно наставните содржини предвидени во наставните програми и според соодветните учебници и историските читанки кои се во употреба во Советскиот Сојуз. Составувачи на вакви прирачници обично се авторите на соодветните учебници кои, впрочем, се и најповикани и должни да ги прокоментираат од методска гледна точка наставните содржини во нивните учебници.

Поради тоа овој вид литература од методиката на наставата по историја е многу баран од наставниот кадар, бидејќи дава конкретни упатства во микропланирањето, т.е. во организацијата на наставните единици. Некои од нив многу пати се преиздавани, дополнувани и сообразувани секако спрема новите изданија на учебниците, како што е, на пример, прирачникот (пособието) за историјата на новиот век од Јефимов.

Насловниот прирачник го привлече нашето внимание посебно заради материјалот што го обработува — најновата општа историја (од Октомвриската социјалистичка револуција, речиси, до наши дни).

Во првите две глави се изнесени задачите на најновата историја во системот на образованието и воспитувањето на наставата по ис-